20262624695

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а во врска со член 7 став 1 точки 7, 9, 9-а и 10, членови 19, 20, 23, 31, 34, 36, 37 и 39 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА НАДВОРЕШНИТЕ СУБЈЕКТИ СО ИНФОРМАТИЧКИОТ СИСТЕМ НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за начинот и условите за поврзување на надворешните субјекти со информатичкиот систем на Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 268/25), во точка 2 став 1, алинејата 4 се менува и гласи: „- платежни институции и институции за електронски пари;“

2. Во точка 9 став 1, алинејата 1 се менува и гласи:

„− главната локација за платни пораки (врска со Македонскиот интербанкарски платен систем (во натамошниот текст: МИПС) и Националниот инстант платен систем (во натамошниот текст: НИПС));“

Во алинејата 2, по зборот: „МИПС“, се додаваат зборовите: „и НИПС“.

Во алинејата 4, по зборот: „МИПС“, се додаваат зборовите: „и НИПС на втора локација“.

По ставот 1 се додава нов став 2, којшто гласи: „Врските од ставот 1 алинеи 1, 2 и 4 на оваа точка се користат и за размена на платни пораки со НИПС.“ Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

3. Во точка 11 став 1, по зборовите: „навремената размена на“, се додаваат зборовите: „платните пораки и/или“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Учесникот постојано ја надгледува достапноста на врските од точката 9 став 1 алинеи 1, 2 и 4 на оваа одлука, додека достапноста на останатите врски од точката 9 став 1 на оваа одлука ја надгледува во текот на работното време во работните денови и при недостапност, презема активности за отстранување на причината за прекинот. Народната банка не одговара за ненавремената размена на податоци во случај на недостапност на некоја врска по вина на учесникот или операторот преку кој учесникот ја обезбедил врската.“

Ставот 4 се менува и гласи:

„Учесниците коишто не учествуваат во МИПС не ги обезбедуваат врските од точката 9 став 1 алинеи 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на оваа одлука, а учесниците коишто учествуваат само во МИПС, односно само во МИПС и во НИПС, не ги обезбедуваат врските од точката 9 став 1 алинеи 7, 8 и 9 на оваа одлука.“

4. Во точка 20, по ставот 1 се додава нов став 2, којшто гласи:

„За автентикација и авторизација при поврзување со НИПС се применуваат Правилата за работа на НИПС објавени на интернет-страницата на Народната банка.“ Ставот 2 станува став 3.

5. Точката 34 се менува и гласи:

„Информатичкиот систем на Народната банка им е достапен на учесниците во сите работни денови кога работи системот за порамнување на Народната банка (МИПС), освен НИПС, којшто им е достапен на учесниците 24 часа на ден, секој ден во годината.“

6. Точката 35 се менува и гласи: „Информатичкиот систем на Народната банка им е достапен на учесниците во работни денови во текот на работното време од 9.00 до 16.00 часот, освен за МИПС и НИПС, коишто работат според работното време утврдено во Правилата за работа на МИПС, односно во Правилата за работа на НИПС.“

7. Во точката 36, по ставот 3 се додава нов став 4, којшто гласи: „По исклучок на ставот 1 од оваа точка, Народната банка обезбедува поддршка на НИПС во согласност со Правилата за работа на НИПС.“

8. Во прилогот бр. 2: „Пријава за поврзување со информатичкиот систем на Народната банка“, „Тип врска“, во точката 1 и 2 по зборот: „МИПС“ се додаваат зборовите: „и НИПС“, а во точката 4 по зборот: „МИПС“, се додаваат зборовите: „и НИПС на втора локација“.

9. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

Бр. 02-35250/5
2 ноември 2026 година
Скопје